# НАЧИНИ ДА ЗАШТЕДИТЕ ВОДА ВО ВАШИОТ ДОМ

ПОСТОЈАТ МНОГУ ЛЕСНИ НАЧИНИ НА КОИ МОЖЕТЕ ДА ЗАШТЕДИТЕ ВОДА.
КОРИСТЕТЕ ГИ НАШИТЕ ПРЕДЛОЗИ



**Висечки тушеви**

Со инсталација на овие тушеви може значително да се заштени вода и струја



**Клозети**

Со инсталација на клозетски казанчиња со двојна функција можете да изберете да пуштите само половина од водата.



**Славини**

Со инсталација на славини со рачка за мешање на топла и ладна вода ефикасно ќе ја користите водата и струјата. Не дозволувајте чешмата да капи.



**Машина за перење**

Во машината за перење може да се регулира количината на вода во согласност со количината на алишта. Ако не може тогаш секогаш вклучувајте ја кога а полна со алишта.

**Полевање на градината**

- Полевајте ја основата на растенијата , а не лисјата
- При засадувањето на растенијата групирајте ги растенијата со слична потреба од вода
- Користете прекривка од лисја, слама и слично, со што почвата ќе ја задржи потребната влажност и ќе се намали испарувањето на водата до 70%
- Изберете локални растенија и трева со подлабоки корени што ги прави поотпорни на суша и не е потребно често полевање

## ПРОВЕРУВАЈТЕ ГО ВОДОМЕРОТ

Ако го проверувате водомерот кога никој не користи вода, тогаш ќе можете да откриете дали имате неисправна чешма, казанче или пукната цевка во внатрешната инсталација.
Ако водомерот покажува потрошувачка тогаш повикајте го вашиот водоинсталатер.